Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 13.04.2021

Секторот за внатрешни работи Струмица поднесе кривична пријава против З.Г.(44) од с.Старо Коњарево, поради постоење основи за сомнение за сторено кривично дело „кражба“. На 29.03.2021 пријавената отишла во куќата на Л.А. во с.Старо Коњарево и му одзела чанта со пари во различни валути. На 07.04.2021, полициски службеници ги пронашле парите кои потекнуваат од кражбата, закопани во дворното место од куќата на З.Г., кои по овластување на Јавен обвинител биле вратени на оштетениот.

На 12.04.2021 околу 13.10 часот на ул.„11 Октомври“ во Скопје, пред Градската општа болница „Св.Наум Охридски“, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерцедес“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.М.(37) од Скопје и патничко возило „шкода октавија“, со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.В.(50) од Скопје. По незгодата, кај сопатникот во патничкото возило „мерцедес“ Е.М.(70) од Скопје, кој имал здравствени проблеми и му била влошена здравствената состојба, во Градската општа болница „Св. Наум Охридски“, била констатирана смрт без траги од удар од незгодата, додека кај другиот сопатник Б.И.(46) од Скопје и возачот на другото возило Ј.В. биле констатирани телесни повреди. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било предадено за обдукција. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 12.04.2021 на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои вршат неправилно престигнување. Притоа, биле констатирани 55 прекршоци од кои 11 по акциската контрола и 44 останати прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 12.04.2021 околу 15.00 часот на регионалниот пат Гостивар-Градец, на Врапчишки надвозник, се случила сообраќајна незгода помеѓу товарно возило „рено маскот“, управувано од Х.Е.(37) од гостиварска Симница, патничко возило „мерцедес“, управувано од 33-годишниот Д.А. од гостиварска Горна Бањица и патничко возило „фолксваген голф“, управувано од Ф.Б.(62) од гостиварско Дебреше, сите со гостиварски регистарски ознаки. Во незгодата, сопатничката од возилото „мерцедес“, Н.С.(83) се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во гостиварската Општа болница „Ферид Мурад“. Увид извршила екипа од Одделението за внатрешни работи Гостивар.

На 12.04.2021 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. За време на контролата биле констатирани 18 прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 прекршоци за управување возило без возачка дозвола, 11 за пречекорување на брзина, 3 за некористење сигурносен појас, 2 користење мобилен телефон и 3 за непрописно паркирање.

На 12.04.2021 во 16.20 часот на ул.„Кеј 1 Мај“ во Прилеп, Ј.А(58) од Прилеп, управувајќи мотоцикл „томос“, со прилепски регистарски ознаки, изгубил контрола и удрил во заштитна ограда. По незгодата, Ј.А. бил пренесен во Општата болница Прилеп каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото на незгодата извршила увидна екипа на Полициската станица Прилеп.

На 10.04.2021 на подрачјето на СВР Охрид реализирани се засилени акциски контроли во сообраќајот кон возачи кои вршат престигнување на недозволено место. Притоа, полициските службеници регистрирале вкупно 43 прекршоци (Охрид-16, Струга-13, Кичево-09, Дебар-05). На возачите им се изречени соодветни санкции.

На 12.04.2021 во 13.30 часот во Полициската станица Центар, А.А.(21) од Скопје пријавила дека на ул.„Никола Карев" во Скопје била касната од куче скитик.

На 12.04.2021 на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, регистрирани се 10 прекршоци, од кои седум во Велес и три во Кавадарци, кои ќе бидат соодветно санкционирани.

На 12.04.2021 во 13.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Ф.Ѓ.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Анри Барбис" во Скопје била касната од куче скитник.

На 12.04.2021 во периодот од 13 до 18.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово, врз основа на судска наредба, извршиле претрес во дом и помошни простории на М.М.(32) од Тетово и притоа одзеле повеќе парчиња разновидна опрема, поради сомнение дека бил инволвиран во кривично дело „повреда на авторски и сродни права“, казниво по член 157 од Кривичниот законик. Тој бил повикан во СВР Тетово и по комплетно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 12.04.2021 во 15.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Волково, скопско, во близина на обиколница, настанал пожар во куќа сопственост на М.П.(58). Повредени лица нема. Пожарот бил локализиран од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

СВР Охрид, СВР Штип, СВР Тетово и СВР Велес поднесоа кривични пријави против Л.Л.(26) и Ш.С.(38), двајцата од Дебар; Ф.И.(43) и Р.И.(32), двајцата од Кочани; Р.С.(21), Е.Р.(19), двајцата од с.Копачин Дол, тетовско и против В.П.(28) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија“. Пријавените, во период од 24.03. до 06.04.2021, без дозвола се движеле за време на забрана за движење на возила и лица во периодот од 22.00. до 05.00 часот.

Секторот за внатрешни работи Скопје поднесе кривична пријава против Д.Т.(31) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“. На 07.04.2021 полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории кај Д.Т., при што пронашле и одзеле марихуана.

Секторот за внатрешни работи Куманово поднесе кривична пријава против Ќ.А.(60) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 23.03.2021, полициски службеници извршиле претрес на дом и други простории кај Ќ.А., при што пронашле и одзеле пет воздушни пушки, една полуавтоматска пушка, три пушки, пиштол непозната марка, две рамки, една кутија со делови од стартни пиштоли, една цевка од непознато оружје и 147 куршуми.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Д.Д.(37) од Пехчево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда”. На 09.12.2020 во домот на Т.Ѓ.(43) во с.Тработивиште, пријавениот со остар предмет му нанел повреди на Т.Ѓ..



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет